Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-25/5
11-04-2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-662/1 од 10.10.2024 година поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, против [redacted] – Скопје, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Скопје, за сторена дискриминација врз основа на образование и друга основа – лична нетрпеливост во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз [redacted] од Скопје, сторена од страна на г-дин [redacted] при Медицински факултет – Скопје, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" – Скопје, а врз основа на обраование и друга основа – лична нетрпеливост, во областа на работата и работните односи.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 10.10.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: „**Комисијата**") беше поднесена претставка заведена под архивски број 08-662/1 од страна на [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, против [redacted] – Скопје, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" – Скопје (во понатамошниот текст: "**УКИМ Скопје**"), за извршена дискриминација врз основа на образование и друга основа – лична нетрпеливост, во областа на работата и работните односи.

1.

Во претставката подносителката наведува дека врз неа се вршела дискриминација така што и било одземено правото на напредување во кариерата согласно нејзините стекнати стручни квалификации. Подносителката смета дека врз неа била сторена како директна така и индиректна дискриминација, а последениот акт на дискриминација наведува дека бил поврзан со конкурс за избор во звање од

07.02.2024 година. Имено, во 2008 година подносителката била избрана за асистент по предметот Судска медицина па цели 16 години нејзиниот статус во рамки на Медицинскиот факултет – Скопје, каде била во работен однос 26 години бил уназаден. По 19 години асистентски стаж со нејзиното докторирање во 2015 година на Бугарската Академија на науките во Софија и формалното исполнување на услов за избор во наставно – научно звање, цели 8 години според подносителката на Катедрата не се отварало место за наставник и не се распишувал конкурс кој според неа го распишувал деканот на факултетот иако согласно Статутот – за тоа постоела обврска. Во меѓувреме подносителката станала Насловен Доцент, а сега и професорка на Универзитет "Гоце Делчев" – Штип (во понатамошниот текст: **"УГД – Штип"**), како и доцент на Медицински факултет во Марибор, Република Словенија. Подносителката наведува дека на овој начин, со навидум неутрална пракса, 8 години била ставена во понеповолна положба во однос на останатите членови на катедрата заради лична нетрпеливост како резултат на нејзиниот докторат одбранет во Република Бугарија.

Понатаму, во претставката е наведено дека на 02.10.2023 година бил објавен конкурс за избор на две лица во наставно – научно звање, но подносителката не била известена за конкурсот од страна на Раководителот на институото и Раководителката на катедрата па објавувањето го сокриле со јасна намера според неа на истиот да не се јави како кандидат и со тоа едно место да припадне на нејзин колега кој докторирал во јуни 2023 година, а друго за нејзина колешка која во тој момент немала докторирано. Наведеното според подносителката било повторена дискриминација врз неа. Во овој случај Раководителот на Институтот и Раководителката на Катедрата не споделиле со подносителката одлука на Наставно – научен совет на факултетот.

Последен акт на дискриминација подносителката смета дека е сторен со објавување на конкурс на 07.02.2024 година наменет за друга нејзина многу помлада колешка со неспоредливо помали постигнувања, како во однос на трудови така и во однос на часови настава споредено со подносителката која докторирала во 2015 година. И овој пат подносителката не била известена за конкурсот. Во Рефератот на рецензионата комисија објавен во Билтен на УКИМ Скопје бр. 1315 од 01.10.2024 година соодносот во постигнати резултати помеѓу подносителката и другата кандидатка бил следниот – таа добила 835,974 бодови наспроти 374,94 бодови на другата кандидатка напсроти што комисијата сепак донела заклучок дека другата кандидатка ги исполнила условите за избор и била предложена за избор, притоа не споменувајќи ја подносителката, прим. [redacted] во Заклучокот на Рефератот што според неа било спротивно на член 173 став (8) од Законот за високото образование. Смета дека иако не било експлицитно наведено, раководителите на институтот и катедрата сметале дека нејзиниот докторат не бил од судскомедицинско подрачје што претставувало уште една алатка за дискриминација.

Крајно се наведува дека повеќегодишната продолжена и повторена дискриминација врз подносителката се огледувала и во тоа дека нејзината канцеларија била најмала и единствена во која немало чешма за миење раце што пак како на обдуцент било неопходен услов на работното место. Нејзината канцеларија делела санитарен чвор со друга соседна канцеларија од кој таа немала клуч. Воедно, Раководителот на

Институтот ја ставал на дежурства како втор обдуцент заедно со него кога тој бил прв обдуцент и покрај тоа што таа долги години пред него специјализирала, магистрирала и докторирала, а посебно вознемирување и вршел затоа што била ангажирана на УГД Штип па во еден наврат нејзини студенти биле избркани од негова страна. Во јуни 2024 година на пријавено учество на Научен Конгрес на кој само таа имала можност да презентира труд, нејзините колеги организирале превоз и сместување без да ја вклучат подносителката поради што не можела да присуствува на конгресот, а нејзини лични финансиски средства пропаднале затоа што Раководителот на Институтот ја натерал сама да ја плати котизацијата за учество. Со дискриминацијата што се вршела врз неа наоѓа дека била и материјално оштетена. Воедно Раководителот на Институтот, [redacted] експлицитно и забранувал на нејзини вештачења кои имале карактер на авторски труд таа да се потпишува како "проф. д-р" затоа што не била професор на Медицински факултет – Скопје при УКИМ - Скопје туку на УГД - Штип.

2.

На 16.10.2024 година Комисијата се обрати до [redacted] – Скопје, УКИМ Скопје, со Барања заведени под број 08-662/2 и 08-662/3 за произнесување по наводи во претставка.
На 05.11.2024 година во Комисијата е пристигнато Произнесување бр. 24/0301-498/24-1 од 05.11.2024 година од [redacted] – Скопје. Во произнесувањето се наведува дека именуваната за раководителка на катедрата била избрана на 05.12.2016 година, а до тогаш Раководител на Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија бил [redacted] а Раководителка на катедрата била проф. [redacted] следствено неосновани биле обвинувањата од страна на подносителката на претставката дека сегашната Раководителка на катедрата во периодот од 2008 до 2016 година била член на катедрата, но не и на било каква позиција преку која би го спречила нејзиното напредување во наведениот период. [redacted] понатаму наведува дека наоѓа дека статусот на подносителката со оглед на нејзиниоте квалификации се движел во нагорна линија ако се земе предвид дека во текот на 2019 година таа била избрана во наставно – научно звање Доцент на Медицински факултет на Универзитет Марибор, Република Словенија, а истиот и бил продолжен за период од 07.11.2022 година до 06.11.2027 година. Понатаму, во 2017 година била избрана за Насловен Доцент од наставно – научна област Судска медицина на Факултет за медицински науки при УГД - Штип и крајно наведува дека во текот на 2022 година подносителката била избрана за наставник насловен вонреден професор на Факултет за медицински науки при УГД - Штип за наставно – научна област Судска медицина. Раководителката на катедрата наведува дека од доказите кои ги доставува во прилог е видно дека таа секогаш ја поддржувала подносителката [redacted] како нејзина колешка.

Раководителката на катедрата наведува дека подносителката на претставката во целиот период постапувала спротивно на член 174 став (7) од Закон за високото образование во кој е уредено дека "Едно лице не може да биде избрано истовремено во наставно - научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање на повеќе од една високообразовна установа". Подносителката сметано од 2019 година била избрана во звања и на УГД - Штип и на Универзитет во Република Словенија со што со умисла го повредувала наведениот закон и за целиот период од страна на Раководителката не била спречена да ја гради нејзината професионална кариера. Понатаму наведува дека сите одлуки на катедрата сеноселе со јавно гласање па така и одлуката за предлог за распишување на конкурс. Во текот на изминатите 8 години на катедрата имало доволен број наставници кои ја покривале наставно - научната дејност. Во меѓувреме право на старосна пензија оствариле тројца наставници па поради тоа биле дадени предлози за избор во звања.

Понатаму во произнесувањето се наведува дека подносителката на претствката не била член на катедрата од 2018 година, на нејзино барање доставено до Декан на Медицински факултет - Скопје и до Генерален секретар на Медицински факултет – Скопје, па наоѓа дека неоснован бил наводот дека била принудена да ја напушти катедрата бидејќи од местото Асистент самата се откажала со изјава дадена од нејзина страна. Во однос на конкурсот наведува дека со самиот факт дека истиот е објавен во дневен печат со определен рок за пријавување се елиминирала можноста одреден кандидат да биде фаворизиран, па следствено не можело да стане збор за дискриминација. Во врска со овој конкурс бил извршен и вонреден инспекциски надзор од страна на Државен просветен инспекторат кој на Записник бр. 03-5763/1 од 18.12.2023 година не утврдил незаконитости во постапката за избор на кандидат.

Во врска со последно објавениот конкурс во произнесувањето се наведува дека рецензионата комисија при оценување на кандидатите постапувала врз основа на Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно - научни, наставно - стручни и соработнички звања и демонстратори на УКИМ Скопје, а во ниту еден дел од наведените акти не пишувало ниту постоела гаранција дека поголемиот број на поени значел дека се работело за вистинскиот кандидат. Двата документи ги давале условите под кои може да биде избран кандидат, а гласањето на членовите на Наставно – научниот совет била индивидуална одлука на секој поединец. За законитоста на одлуката на рецензионата комисија се грижел Факултетот и Државниот просветен инспекторат кој во секој момент можел да ја провери Одлуката за избор. Крајно, во врска со посочениот Научен Конгрес се наведува дека заради недостаток на средства факултетот дозволувал првично вработените кои оделе на научен конгрес сами да ги подмират трошоците, а потоа истите да бидат рефундирани од страна на факултетот, па Раководителката на катедрата и самата истото го сторила, како и останатите вработени кои присуствувале на конгресот.

Кон произнесувањето Раководителката на катедрата ги приложи следните документи како доказ:

- Известување бр. 24/0801-486/16 од 05.12.2016 година доставено до Деканката на Медицински факултет – Скопје,
- Утврдување предлог – кандидат за Раководител на катедра бр. 24/0801-486/16 од 28.11.2016 година до членови на Катедра за судска медицина,
- Барање бр. 02-5307/2 од 21.11.2016 година до в.д Раководител на катедра за судска медицина од Деканка на Медицински факултет – Скопје,
- Реферат за избор на еден наставник во насловно звање за наставно – научната област Судска медицина на Факултет за медицински науки при УГД - Штип објавен во Универзитетски Билтен број 198 во октомври 2017 година,
- Одлука за избор бр. 2002-230/10 од 15.08.2022 година на Наставно – научен совет на Факултет за медицински науки при УГД - Штип
- Одлука за избор бр. 711-11771/2022/532-AF на Медицински факултет при Универзитет во Марибор, Република Словенија,
- Решение УП1. Бр. 15-935 од 29.09.2015 година на министер за образование за признавање на воскообразовна квалификација стекната во странство,
- Статут на Медицински факултет при УКИМ Скопје од ноември 2019 година,
- Конкурс за избор на лица во сите наставно - научни, научни, насловни и соработнички звања, објавен во дневниот весник "Нова Македонија" од 02.10.2023 година,
- Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно - научни, научни, наставно стручни и соработнички звања и демонстратори на УКИМ Скопје објавен во Универзитетски гласник на 5ти ноември 2018 година,
- Записник Ип1. Бр. 09-1019 од 13.11.2023 година од извршен вонреден инспекциски надзор на Државен просветен инспекторат,
- Записник бр. 24/0801-283/24 од 28.06.2024 година од одржан состанок на Катедра за судска медицина на 28.06.2024 година,
- Допис бр. 24/0801-266/24 од 10.06.2024 година од [redacted] до членови на катедра по судска медицина при Медицински факултет - Скопје, УКИМ Скопје,
- Диплома бр. 000530 од 26.02.2015 година издадена од Бугарска Академија на науките, Институт по експериментална морфологија, патологија и антропологија со музеј, на име [redacted], во фотокопие,
- Изјава бр. 24/0301-539/24 од 04.11.2024 година дадена и потпишана од проф д-р [redacted]
- Договор за вработување бр. 04-4806/287 од 08.11.2021 година склучен помеѓу [redacted] – Скопје при УКИМ Скопје


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

- Барање бр. 24/0401-643/23 од 28.12.2023 година од Раководител на Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија до Деканот на Медицински факултет – Скопје,
- Барање бр. 24/0401-643/23 од 27.12.2023 година од [redacted]
- Барање бр. 24/0301-34/24 од 25.01.2024 година до Декан на Медицински факултет – Скопје,
- Барање бр. 24/0401-34/24 од 18.01.2024 година од [redacted]
- Допис бр. 05-718/5 од 01.03.2018 година од [redacted] до Декан на Медицински факултет - Скопје и до Генерален секретар на Медицински факултет - Скопје и
- Допис бр. 554 од 03.07.2015 година од Бугарска Академија на науките, Институт по експериментална морфологија, патологија и атропологија со музеј до Информативен центар за еквиваленција и признавање на странски високообразовни квалификации, Министерство за образование и наука на Република Македонија.

На 05.11.2024 година во Комисијата пристигна и произнесување по наводи во претставка бр. 24/0301-498/24 од 05.11.2024 година на [redacted] Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија, [redacted] Во произнесувањето е наведено дека за Раководител на овој Институт именуваниот бил избран со Одлука бр. 02-5559/4 од 05.12.2016 година, а до тогаш Раководител на Институтот бил [redacted] па наоѓа дека биле паушални обвинувањата за одемено право за напредување на подносителката на претставката за целовреметраење на наведениот период од причина што тој како и останатите негови колеги биле членови на катедрата, но не биле на ниту една позиција од која би биле во можност да го спречат нејзиното напредување.

Понатаму во произнесувањето се наведува дека професионалната кариера на подносителката се движела во нагорна линија согласно нејзините стручни квалификациии, и тоа

- Во текот на 2019 година подносителката била избрана во наставно – научно звање Доцент на Медицински факултет при Универзитет во Марибор, Република Словенија, продолжен до 06.11.2027 година,
- Во 2017 година избрана била за насловен Доцент од наставно - научна област Судска медицина на Факултет за медицински науки при УГД – Штип,
- Во текот на 2022 година била избрана за наставник насловен Вонреден професор на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип
- Во текот на 2023 година била избрана во звање Примариус врз основа на препорака дадена лично од [redacted] како Раководител на Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија.

Понатаму во произнесувањето се наведува дека во изминатите 8 (осум) години на катедрата имало доволен број наставници кои ја покривале наставнонаучната дејност на катедрата, а во меѓувреме право на старосна пензија оствариле тројца

наставници поради што биле дадени предлози за избор во звања. Конкурсите за избор во звања биле во домен на катедрата, а тој како Раководител на Институтот бил еден од членовите на катедрата. Подносителката на претставката, [redacted] не била член на катедрата од 2018 година на нејзино барање доставено до Деканот на Медицински факултет - Скопје бр. 02-718/5 од 01.03.2018 година. Во однос на наводите дека подносителката била принудена да ја напушти катедрата, Раководителот на Институтот наведува дека биле невистинити поради тоа што било факт дека таа со изјава потпишана од нејзина страна се откажала од местото Асистент, бидејќи според Законот за високото образование едно лице не може да биде избрано во наставни, научни или соработнички звања на повеќе од еден универзитет. Во врска со конкурсот за избор на кандидати во звања во 2023 година, именуваниот посочува дека за овој конкурс бил извршен вонреден инспекциски надзор од страна на Државниот просветен инспекторат за што бил сочинет Записник бр. 03-5763/1 од 18.12.2023 во кој било наведено дека не биле констатирани незаконитости во постапката за избор.

Во однос на наводите на подносителката дека била ставена во понеповолна положба споредено со друго лице на последниот конкурс, Раководителот на Институтот наоѓа дека истите се неиздржани од причина што конкурсот бил јавно објавен во дневен печат. Дополнително што сите одлуки на Наставно научниот совет се објавувале на веб страната на Медицински факултет – Скопје и тие биле достапни за сите граѓани, па во таа смисла потенцира дека никој, а најмалку тој вршел притисок врз колегите да не ја информираат подносителката за распишаниот конкурс. Истото Раководителот го наведува и за конкурсот објавен на 07.02.2024 година. Воедно посочува дека тој како Раководител морал да се грижи за исполнување на обврските кон работното место, а во тоа спаѓало и почитувањето на работното време, а подносителката била вработена на Медицинскиот факултет - Скопје со полно работно време од 40 часа неделно, што значело дека останатите обврски вклучувајќи ја и обврската кон УГД - Штип можела да ги остварува надвор од работното време.

По однос на наводот за Рефератот на рецензентската комисија објавен во Билтен на УКИМ – Скопје бр. 1315 од 01.10.2024 година, Раководителот на Институтот посочува дека комисијата постапувала во согласност со Закон за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно - научни, научни, наставно - стручни и соработнички зваша и демонстратори на УКИМ - Скопје. Во ниту еден од овие документи како наведува Раководителот не било наведено ниту било гаранција дека поголемиот број поени значел дека се работело за вистинскиот кандидат. Двата документа ги давале законските услови под кои еден кандидат можел да биде избран. Гласањето на членовите на Наставно научниот совет пак, било поединечно и индивидуална одлука на секој член.

Во врска со наводите во претставката кои се однсуваат на канцеларијата на подносителката наведено е дека таа била сместена во истата повеќе од десет години, но дека дури сега изразува незадоволство од тоа. Од аспект на условите се појаснува дека биле исполнети сите услови за канцелариско работење. Од аспект на санитарен чвор – таков имало и пред обдукционата сала, а просторните услови во Институтот

биле такви да некои од колегите биле и по двајца па дури и тројца во канцеларија, за разлика од подносителката која не ја делела канцеларијата со друг колега.

Раководителот на Институтот наведува дека правило на Институтот било секогаш двајца лекари да ја вршат обдукцијата и вештачењето. Хиерархијата на Институтот не се водела според број на години, односно стаж или по возраст, туку по наставно - научно звање. Според систематизацијата и Договорот за работа, подносителката прим. [redacted] била до неодамна лекар - специјалист, а од неодамна Примариус. Звањето на Раководителот на Институтот пак било – Вонреден професор па следствено во услови кога тој и подносителката работеле заедно на вршење обдукции – тој бил прв обдуцент во тимот. Ниту еднаш именуваната не била експлоатирана од негова страна односно работела онолку колку и останатите нејзини колеги, а не била ниту понижена. Воедно, напоменува дека во случаи кога тој бил дежурен со колега со звање – Редовен професор – тој бил втор обдуцент иако бил Раководител на Институтот.

Во врска со посетата на студенти од УГД - Штип на Институтот, Раководителот наведува дека подносителката добро била запозната дека постоеле правила дадени од страна на Ректорат на УКИМ - Скопје, според кои вработени кои вршеле високообразовна дејност при УКИМ - Скопје не можеле да ја вршат таа дејност на други универзитети, ниту пак во објектите и просториите во сопственост на УКИМ - Скопје можело да се врши образовна дејност на студенти од друг Универзитет. Воедно институтот бил институција со висок безбедносен ризик и постоела контрола на надворешни лица кои влегувале во објектот. Според него, иако подносителката го знаела наведеното свесно истото го прекршила па на Институтот донела студенти од УГД - Штип за да спроведе испит по Судска медицина за што соодветно биле известени надлежните органи на Медицински факултет при УГД - Штип и Деканот на Медицински факултет - Скопје.

Крајно, во врска со присуството на Научен Конгрес, наведува дека заради недостиг на финансиски средства факултетот дозволувал кадарот кој оди на научен конгрес првично да ги подмири трошоците, а потоа истите да бидат рефундирани. Раководителот на Институтот исто така сам ја намирил котизацијата за учество. Средства за оваа намена биле одобрени од страна на факултетот, но подносителката не отишла на конгресот.

Заклучно, наведува дека Институтот бил составен дел на Медицински факултет - Скопје и сите документи кои се иготвувале биле со печат на факултетот. Во Договорот за работа на подносителката, таа била наведена како [redacted] специјалист по судска медицина, па таа во ниту еден случај не можела да се потпишува како "професор" бидејќи нејзиното работно место на Институтот било докотор специјалист по судска медицина. Вештачењата пак не биле приватна сопственост туку на Медицинскиот факултет – Скопје, односно на Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија.

<u>Кон произнесувањето Раководителот на Институтот ги достави следните докзи</u>

- Известување бр. 24/0801-486/16 од 05.12.2016 година од [redacted] до Декан на Медицински факултет – Скопје,
- Одлука бр. 24/0801-485/16 од 06.12.2016 година за именување Раководител на Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија,
- Реферат објавен во Универзитетски билтен број 198 октомври 2017 година,
- Одлука бр. 2002-230/10 од 15.08.2022 година на УГД – Штип,
- Одлука бр. 711-11771/2022/10/532-AF на Медицински факултет при Универзитет во Марибор, Република Словенија,
- Препорака бр. 24/0301-491/23 од 13.10.2023 година од [redacted]
- Известување бр. 09-10289/16 од 18.12.2023 година на Министерство за здравство,
- Решение УП1. Бр. 15-935 од 29.09.2015 година за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство, издадено од Министерство за образование и наука,
- Конкурс за избор на лица во сите наставно – научни, научни, насловни и соработнички звања објавен на 02.10.2023 година во дневен весник "Нова Македонија",
- Правилник за посебни услови и постапка за ибор на во наставно - научни, научни, наставно - стручни и соработнички звања и демонстратори на УКИМ Скопје објавен во Универзитетски гласник од ноември 2018 година,
- Записник Ип1. Бр. 09-1019 од 13.11.2023 година на Државен просветен инспекторат,
- Записник бр. 24/0801-283/24 од 28.06.2024 година од одржан состанок на Катедра за судска медицина на 08.06.2024 година,
- Диплома Бр. 000530 од 26.02.2015 година на име [redacted] од Бугарска Академија на науките, Институт по експериментална морфологија, патологија и антропологија со музеј, во фотокопие,
- Решение УП1. Бр. 15-935 од 29.09.2015 година на Министерство за образование и наука за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство,
- Список на лекари од Институт за судска медицина и криминалистика за дежурства за месец Септември 2024 година,
- Список на лекари од Институт за судска медицина и криминалистика за дежурства за септември 2023 година,
- Список на лекари од Институт за судска медицина и криминалистика за дежурства за месец Јули 2022 година,
- Список на доктори од Институт за судска медицина и криминалистика за дежурства за месец Март 2022 година,
- Изјава бр. 24/0301-539/24 од 04.11.2024 година потпишана од [redacted] до


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Раководителот на Институт по судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија,

- Договор за вработување бр. 04-4806/287 од 08.11.2021 година склучен помеѓу [redacted] и Медицински факултет - Скопје при УКИМ – Скопје,
- Договор за вработување бр. 04-4806/278 од 08.11.2021 година склучен помеѓу [redacted] и Медицински факултет - Скопје при УКИМ - Скопје
- Барање бр. 04/0401-643/23 од 28.12.2023 година од проф. [redacted] до Декан на Медицински факултет – Скопје,
- Барање бр. 24/0401-643/23 од 27.12.2023 година од [redacted] до Раководител на Институт за судска медицина и
- Барање бр. 24/0301-34/24 од 25.01.2024 година до Декан на Медицински факултет - Скопје од [redacted]

На 22.11.2024 година во Комисијата се пристигнати Допис бр. 24/0301-498/24 од 22.11.2024 година од [redacted] и Допис бр. 24/0301-498/24-1 од 22.11.2024 година од [redacted] со иста содржина, во прилог на кои како доказ во постапката се доставуваат Записник бр. Ип1. Бр. 09/2-908 од 30.10.2024 година за извршен вонреден инспекциски надзор од страна на Државен просветен инспекторат и Записник Уп1. Бр. 09/2-892 од 29.10.2024 година за извршен вонреден инспекциски надзор од страна на Државен просветен инспекторат.

На 10.12.2024 година до Комисијата подносителката на претставката, [redacted] од Скопје достави дополнување на истата заведено под број 08-662/8 во кое наведува дека на Комисијата и понудува неколку дополнителни докази од кои е видна дискриминацијата сторена врз неа од страна на двете пријавени лица. Имено, подносителката истакнува дека Рецензентската комисија составена по повод објавен конкурс за избор на 07.02.2023 година, воопшто не се произнела во Заклучокот од рецензијата за неа како кандидат, за тоа дали ги исполнува општита и посебните услови за избор во наставно - научно звање. Споредбено, доставува заклучоци од други рецензии со повеќе кандидати каде комисијата се произнела во однос на сите нив. Понатаму, во реферетот Комисијата ја насловувала со титулата – "доктор" како да е на почеток на кариерата, а не го споменувала нејзиниот степен "доктор на медицински науки" или титулата "Примариус" за разлика од другата кандидатка која била насловена како "Асистент д-р". Споредбено достави како била насловена во рефератот другата кандидатка и каков бил називот на подносителката во работата на Институтот за што приложува списоци од дежурства. Посочува и на различен приказ на постигнати резултати, и тоа во познавање на англиски јазик кај неа бил наведен степен С1, а кај против кандидатката степен Б2. Иако се стекнала со стручно звање Примариус на 18.12.2023 година, се до 05.12.2024 година тоа не било вклучено во Договор за вработување што имплицирало финансиски последици по нејзините примања и

крајно наведува дека приложува тужба поднесена до надлежен суд во врска со неправилности и незаконитости во врска со Конкурс од 07.02.2024 година.

На 26.12.2024 година во Комисијата е пристигнато Известување бр. 24/0301-498/24 од 26.12.2024 година од [redacted] Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија, [redacted] кон кое е приложено Известување доставено [redacted] со кое именуваната се известува дека како резултат на нејзините поплаки, во договор со [redacted], од 26.12.2024 година именуваната ќе можела да го користи тоалетот кој бил до нејзината канцеларија.

На 24.12.2024 година во просториите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше остварен службен разговор со [redacted] раководител на Одделение за правни работи на Медицински факултет - Скопје при УКИМ - Скопје, која воедно е и секретар на факултетот. За остварениот разговор сочинет е Записник бр. 08-25/1. Имено, во врска со предметот на претставката за заштита од дискриминација, секретарот на Медицинскиот факултет – Скопје посочи дека, од аспект на фактот дека во делот Заклучок и Предлог од Рефератот објавен во Билтен на УКИМ - Скопје број 1315 од 01.10.2024 година – во точка 1 не е наведена и [redacted] (што пак не е случај со повеќе Реферати кои подносителката ги приложи како доказ), во крајна линија станувало збор за стил на изразување и пишување на членовите на Рецензентската комисија, дека начинот на изготвување на овој дел од Рефератот не е пропишан формално, туку дека се пропишани Образец 1 и Образец 2 кои се составни делови на секој Реферат, а предвидени со Правилник за избор во звања. Во врска со јавниот конкурс на кој учествувала, односно доставила документи подносителката на претставката – [redacted] секретарот на факултетот наведе дека подносителката и компаратоторот кој го има наведено во претставката – [redacted] конкурирале за различни наставно - научни звања, односно именуваната конкурирала за звањето **Вонреден професор**, додека пак лицето кое го наведува во претставката како компаратор – [redacted] конкурирала за **Доцент**. Во врска со наводите на подносителката дека Деканот на Медицински факултет - Скопје не распишувал конкурс како би можела да напредува во кариерата, секретарот посочи дека одлука за конкурсот не донесува деканот туку Наставно - научниот совет при Медицинкиот факултет - Скопје. Во врска со наводите дека подносителката била приморана, односно условена да се откаже од звањето Асистент на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Скопје, секретарот наведе дека во вакви ситуации се постапувало согласно член 174 став (7) од Законот за високото образование според кој "Едно лице не може да биде избрано истовремено во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање на повеќе од една високообразовна установа." Наведеното од причина што [redacted] во 2017 година била избрана за насловен Доцент на УГД - Штип, а во 2023

година за насловен Вонреден професор на истиот универзитет. Доколку именуваната биде избрана во наставно - научно звање на универзитетот во Скопје, истата ќе треба да се откаже од наставно - научното звање на униveritетот во Штип. Крајно, секретарот на факултетот посочи дека [redacted] има склучено Договор за вработување со нејзиниот работодавач – Медицински факултет – Скопје, Институт за судска медицина, ( последниот со број 04-6464/1 од 05.12.2024 година) на 40 часа неделно работно време, па следствено активностите како насловен Вонреден професор на УГД - Штип требала да ги извршува по работното време на Институтот.

<u>Секретарот достави докази кои се прилог на составениот Записник за остварен службен разговор, и тоа</u>

- Записник Уп1. Бр. 09-1019 од 13.11.2023 година за извршен вонреден инспекциски надзор од страна на Државен просветен инспекторат,
- Записник Ип1. Бр. 09-1151 од 22.12.2023 година за извршен вонреден инспекциски надзор од страна на Државен просветен инспекторат,
- Записник Ип1. Бр. 09-1019 од 09.01.2024 година за извршен вонреден инспекциски надзор на Државен просветен инспекторат,
- Записник Ип1. Бр. 09-2-908 од 30.10.2024 година за извршен вонреден инспекциски надзор на Државен просветен инспекторат,
- Одговор на приговор поднесен од [redacted] во врска со Реферат за избор на еден наставник во сите наставно - научни звања објавен во Билтен на УКИМ Скопје бр. 1315 од 01.10.2024 година до Наставно - научен совет на Медицински факултет - Скопје во состав на УКИМ – Скопје,
- Допис бр. 02-718/5 од до Декан на Медицински факултет - Скопје и до Генерален секретар на факултетот од [redacted]
- Реферат за избор на еден наставник во насловно звање за наставно - научна област Судска медицина на Факултет за медицински науки при УГД - Штип, објавен во Универзитетски Билтен бр. 198 од октомври 2017 година,
- Реферат за избор на еден наставник во насловно звање за наставно - научната област Судска медицина на Факултет за медицински науки при УГД - Штип, објавен во Универзитетски билтен бр. 302 од јули 2022 година,
- Диплома бр. 00530 од 26.02.2015 година на име [redacted] издадена од Бугарска Академија на науките, Институт по експериментална морфологија, патологија и антропологија со музеј, во преводи и фотокопие,
- Решение УП1. Бр. 15-935 од 29.09.2015 година на Министерство за образование и наука за признавање на вискообразовна квалификација стекната во странство,
- Одлука бр. 02-1705/68 од 18.04.2013 година на Медицински факултет - Скопје при УКИМ – Скопје,
- Одлука бр. 0903-630 од 23.02.2006 година на Медицински факултет - Скопје при УКИМ - Скопје за усвоена рецензија за оценка на подобност на тема за изработка на докторска дисретација,

- Одлука бр. 0903-630 од 26.05.2006 година на Медицински факултет - Скопје при УКИМ - Скопје, за одредување ментор за изработка на докторка дисертација,
- Молба бр. 0903-1021 од 17.04.2006 година од [redacted] до Научен одбор при Медицински факултет – Скопје,
- Одлука бр. 02-1459 од 23.05.2008 година на Медицински факултет - Скопје за преизбор на Асистент,
- Реферат за избор на наставник во сите наставно - научни звања по предмет судска медицина на Медицински факултет - Скопје објавен во Билтен бр. 1111 во ноември 2015 година,
- Молба бр. 02-6384/21 од 16.12.2024 година од [redacted] и
- Молба бр. 02-644/14 од 12.02.2024 година од [redacted]

На 10.01.2025 година до Комисија за спречување и заштита од дискриминација беше доставено второ дополнување на претставката за заштита од дискриминација, доставено од подносителката [redacted] кое исто така е осврт на дискриминацијата која според подносителката била вршена во текот на целокупниот нејзин работен стаж на Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија. Воедно на 13.02.2025 година беше доставено трето дополнување од страна на подносителката на претставката со укажување Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да не ги зема предвид како правно релевантни доказите кои би биле прибавени или доставени од страна на Државниот просветен инспекторат поради тоа што во тек било формирање на Колегијално тело согласно нов Закон за просветна инспекција кое требало да биде составено од група на искусни инспектори, а кое требало да ги преиспита решенијата донесени од државниот просветен инспектор кој постапувал по поднесени претставки од [redacted]

На 13.02.2025 година преку електронска пошта до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација доставен е Записник Уп1. Бр. 09/2-908 од 30.10.2024 година на Државен просветен инспекторат, Известување бр. 09/2-908 од 07.11.2024 година на Државен просветен инспекторат до [redacted] и Допис – Доставување податоци бр. 31-79/1 од 28.01.2025 година од Државен просветен инспекторат до Инспекциски совет на Република Северна Македонија.

3.

Имено, во согласност со член 9 од Уставот на Република Северна Македонија *"Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви".*

Во член 3 од Закон за виското образование[1] во кој се уредени основните начела на високото образование, во ставот (2) точка 5 е уредено дека *дејноста на високото образование меѓудругите, се заснова и на начелото на Почитување на човековите права и слободи и гарантирање на принципот на еднаквост и заштита од дискриминација.* Во член 7 ставовите (1) и (2) се уредува дека *Високото образование во Република Северна Македонија се темели на автономија, во согласност со Уставот на државата, со ратификуваните меѓународни договори и со предметниот закон. Високообразовните установи ја вршат својата дејност врз начелото на академската автономија.* Членот 8 став (1) точка 10 од овој закон предвидува дека *Академската слобода им припаѓа на сите членови на академската заедница и меѓудругото опфаќа доделување стручни, академски и научни звања согласно со закон, како и доделување на почесни академски титули.* Во членот 11 од законот е уредена Кадровската автономија па утврдено е дека *Високообразовните установи се автономни во одлучувањето за потребата од вработување или ангажирање лица во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, во изборот на лица и дефинирањето на условите за вработување и ангажман во согласност со закон.* Понатаму, во член 109 од истиот закон, во став (1) е уредено дека *Наставно-научниот совет е орган на управување и стручен орган на факултетот*, а во член 110 став (1) каде се утврдени надлежностите, во точка 8 е утврдено дека *Наставно-научниот совет на факултетот врши избор во наставно-научни звања доцент, вонреден професор и редовен професор, во наставностручни звања лектор и виш лектор, во научни звања, во соработнички звања и демонстратори.* Во член 114 од законот, во став (1) е уредено дека *Деканот на факултетот, е раководен орган*, а во став 4 се уредува дека *деканот, во рамките на вршењето на својата раководна функција - и извршува одлуките и заклучоците на наставно-научниот совет, - на наставно-научниот совет му поднесува предлози на одлуки и заклучоци за прашањата чие разгледување и решавање е во негова надлежност, - распишува конкурс за избор на лица во наставнонаучни, наставно-стручни, научни и соработнички звања.* Понатаму, член 160 став (1) точка 1 од законот определува дека *Вработените на високообразовните установи се лица избрани во наставно-научни, наставностручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност – или наставен кадар.* Во член 161 став (1) се уредува дека *Високообразовна дејност може да врши само лице избрано во наставно-научно, наставно-стручно, наставно или соработничко звање за времето за кое е избрано*, а во став (5) од истиот член *На факултетот наставно-научни звања се доцент, вонреден професор и редовен професор.* Во членот 164 се уредени критериумите за избор во звања па се наведува дека *Критериуми за избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања се: 1. стекнато образование, 2. резултати од научно-истражувачка работа и 3. резултати и искуство во наставната дејност и подготвување на наставен и научно-истражувачки подмладок, 4. стручно-применувачка или стручно-уметничка дејност. Врз основа на овие критериуми се*

[1] Службен весник на Република Македонија, бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 154/2019, 178/2021 и 58/2024

*пропишуваат општите и посебните услови за избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања.* Член 172 од законот уредува дека *Избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни и наставни звања и соработнички звања се врши по пат на јавен конкурс кој го распишува наставно-научниот, односно наставничкиот совет, што го објавува високообразовната установа во дневниот печат. Конкурсот за избор во наставно-научни, наставно-стручни, односно наставни звања и засновање на работен однос се распишува за избор во сите наставнонаучни, наставно-стручни, односно наставнички звања.* Став (5) од истиот член предвидува дека *Стекнувањето на наставно-научно, наставностручно, односно наставно звање на избраните наставници е постапно*. Во член 173 став (1) поблиску е уредено дека *Изборот на кандидатите во наставно-научни, наставно-стручни, наставни, научни и соработнички звања го врши наставно-научниот совет на факултетот, односно наставничкиот совет на високата стручна школа, врз основа на оценката во референтот на рецензиона комисија*, а во став (8) од истиот член *за сите пријавени кандидати рецензионата комисија поднесува реферат во писмена форма во рок од три месеци од денот на доставувањето на целокупната документација до сите членови на рецензионата комисија. Рефератот содржи оценка за остварувањата на кандидатите во согласност со општите и посебните услови за избор во соодветно звање, како и предлог за избор на кандидатот во соодветно звање.* Крајно член 174 став (1) уредува дека *Постапката за избор во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање завршува со засновање на работен однос со полно работно време меѓу избраното лице и високообразовната установа. Работниот однос се заснова за времето на кое е избрано лицето*, додека пак став (7) од овој член предвидува дека *Едно лице не може да биде избрано истовремено во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање на повеќе од една високообразовна установа.*

4.

**По детален увид во наводите од претставката, неколкуте дополнувања, произнесувањето по истата и приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба:**

Подносителката на претставката [redacted] засновала работен однос на неопределено време на Медицински факултет - Скопје при УКИМ - Скопје на 01.10.1998 година. На факултетот во 2008 година била преизбрана за Асистент по предмет Судска медицина. Во 2015 година се стекнала со диплома од Бугарската Академија на науките – Институт по експериментална морфологија, патологија и антропологија со музеј со што се здобила со образовен и научен степен – Доктор по морфологија. Во 2018 година во писмо до Деканот и генералниот секретар на Медицински факултет Скопје известила дека се откажува од звањето Асистент и дека ќе потпише Договор за вработување како доктор – специјалист по судска медицина со плата која следи. Ова практично значело дека таа излага од Катедрата и наставата по судска медицина, а со оглед да од ноември 2017 година била избрана за Насловен Доцент по судска медицина на УГД - Штип. Воедно, подносителката [redacted]

[redacted] со одлука на Медицински факултет при Универзитет во Марибор, Република Словенија е избрана за Доцент на овој факултет. Во 2021 година подносителката склучила Договор за вработување на работно место – Доктор на медицина – специјалист во Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија, исто така на неопределено време со полно работно време во траење од 40 часа неделно. Во 2023 и 2024 година од страна на Медицински факултет – Скопје биле објавени два конкурси за избор во наставно – научни звања, јавно објавени во дневни весници и на веб страната на Институтот, со соодветен рок за пријавување, а согласно законските прописи. На двата конкурси направен е избор на кандидати, и тоа во првиот случај како кандидати се јавуваат [redacted] и [redacted] додека подносителката на претставката прим д-р сци [redacted] на овој конкурс не се јавува како кандидат од причина што на истиот не конкурирала.. На второобјавениот конкурс, во 2024 година, подносителката се јавила како кандидат заедно со кандидатката [redacted] Во овој случај направен е избор на канидатката [redacted] Срданова, а врз основа на Одлука на Наставно – научниот совет на Медицински факултет - Скопје. **<u>Дополнително на овој конкурс двете кандидатки конкурирале за избор во различни наставно - научни звања, избраната кандидатка за Доцент додека пак подносителката на претставката за Вонреден професор</u>**. Воедно подносителката прим [redacted] во повеќе наврати се обраќала со претставки до Државниот просветен инспекторат кој во повеќе наврати вршел вонреден инспекциски надзор врз постапките за објавување на конкурс и пријавување и избор на кандидати по овие конкурси. Во изготвените Записници од извршените надзори не се констатирани неправилности, а до изготвувањето на ова мислење до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не беше доставен допис од кој би била видна констатирана состојба различна од онаа во наведените Записници. Од страна на Раководител на стручен колегиум, [redacted] дадена е препорака во постапка за добивање на звање Примариус по што откако истото и е признато во декември 2024 година именуваната склучила Договор за вработување со Медицински факултет - Скопје за работно место – Доктор на медицина – специјалист (Примариус). Крајно на [redacted] и било одобрено и овозможено учество на научен конгрес во Унгарија кое го потврдила со задоцнување поради лични причини за да непосредно пред конгресот учеството го откажала.

Земено предвид сето погоренаведено, Комисијата утврди дека во конкретниот случај не наоѓа елементи на акт на директна дискриминација сторен врз подносителката [redacted] од страна на [redacted] при Медицински факултет – Скопје, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" – Скопје врз основа на образование и друга основа – лична нетрпеливост во областа на работата и работните односи, онака како е опишана во член 8 став (1) од Закон за спречување и заштита од дискриминација според кој: *„<u>Директна дискриминација</u> постои кога со едно лице или со група се постапува, се*


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.“*

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
08.04.2025 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Флора Кадриу

Доставено до:

- [redacted]
- Архива на КСЗД